АД ЕЛЕМ врз основа на член 70 став 1 од Законот за енергетика Службен весник бр.96 од 28.05.2018 и одлуката на Управниот Одбор на АД ЕЛЕМ – Скопје, на седницата одржана на 18.02.2019 година со одлука на УО бр. 02-895/81/9.1 донесе:

# ПРАВИЛА

# ЗА ПРОДАЖБА ВИШОЦИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И МОЌНОСТ

## *ОПШТИ ОДРЕДБИ*

### Член 1

Со овие Правила за продажба на вишоци на електрична енергија и моќност (во понатамошниот текст: Правила за продажба на вишоци) се уредува начинот, постапката и условите по кои производителот на електрична енергија АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД ЕЛЕМ Скопје) ќе врши продажба на вишоци на електрична енергија и моќност (во понатамошниот текст: продукт), на отворен, транспарентен и недискриминаторен начин, по пазарни услови.

## *КОЛИЧИНИ НА ВИШОЦИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И МОЌНОСТ*

### Член 2

АД ЕЛЕМ Скопје по задоволување на потребите на тарифните потрошувачи од електрична енергија, односно малите потрошувачи и домаќинствата може да продава вишоци на електрична енергија и моќност, на јавен, транспарентен и недискриминаторен начин.

Количините на вишоците на електрична енергија и моќност се определуваат од страна на АД ЕЛЕМ Скопје и истите може да се однесуваат на периоди (час/часови во денот, ден/денови, недела/недели, месец/месеци и година).

Количините и периодот за продажба на вишоци на електрична енергија и моќност се објавуваат на интернет страната на АД ЕЛЕМ Скопје (www.elem.com.mk).

Сите значајни информации и временски рокови поврзани со процедурата за продажба на електрична енергија и моќност и начинот на спроведување на постапката на продажба, АД ЕЛЕМ Скопје ги објавува јавно, на својата интернет страна.

### Член 3

АД ЕЛЕМ Скопје реализира продажба на вишоци на електрична енергија и моќност, спроведувајќи ги принципите на отвореност, транспарентност и недискриминаторност, по пазарни услови преку организирање на продажба на вишоци на електрична енергија и моќност:

- со спроведување на Аукција, со позитивно наддавање, според Упатството за продажба на електрична енергија и моќност со спроведување на Аукција со позитивно наддавање, дадено во Прилог 1, кое е составен дел од овие Правила, или
- со прибирање на најповолна понуда, според Упатството за продажба на електрична енергија и моќност со прибирање на најповолна понуда, дадено во Прилог 2, кое е составен дел од овие Правила.

АД ЕЛЕМ Скопје на својата интернет страна, со објавувањето на количините за продажба на вишоци на електрична енргија и моќност и периодот на испорака, го објавува и начинот на кој се реализира продажбата.

***КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА КУПУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И МОЌНОСТ***

**Член 4**

Критериумот за избор на најповолна понуда е највисока понудена единечна цена за продуктот кој е предмет на аукцијата.

За купувач, односно купувачи ќе бидат избрани оние Економски Оператори кои ќе понудат највисоки единечни цени за продуктот до исцрпување на понудената количина на продуктот.

АД ЕЛЕМ Скопје го задржува правото да не изврши избор на најповолна понуда во целост или да изврши делумен избор

***УЧЕСНИЦИ ВО ПРОЦЕДУРА ЗА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И МОЌНОСТ***

**Член 5**

Учесници во постапката за продажба на електрична енергија и моќност може да бидат Економски оператори, согласно Законот за енергетика и Правилата за пазар на електрична енергија кои што имаат доставено до АД ЕЛЕМ Пријава за регистрација (Образец 1), Изјава за прифаќање на обврските и условите дефинирани во Правилата за продажба на електрична енергија и моќност (Образец 2), Договор за купопродажба како и следните документи:

- Потврда дека во последните 5 (пет) години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари од надлежен орган;
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- Потврда за платени даноци, придонеси, и други јавни давачки од надлежен орган од земјата, каде понудувачот е регистриран;
- Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност;
- Документ за лиценцирана дејност како доказ дека подносителот е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на продажбата;
- Тековна состојба.

Сите документи, во моментот на нивно доставување, не треба да бидат постари од шест месеци.

АД ЕЛЕМ Скопје има право да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите.

Обрасците Пријава, Изјава и Договор за купопродажба се составен дел на овие Правила за продажба на вишоци и може да се преземат од интернет страната на АД ЕЛЕМ Скопје.

Економскиот Оператор ги поднесува Пријавата и Изјавата на официјален меморандум до АД ЕЛЕМ Скопје.

Пополнетите и потпишани обрасци Пријава, Изјавата и Договор за купопродажба, како и останатите документи Економскиот Оператор ги доставува до АД ЕЛЕМ Скопје, на факс бр. **+389 2 3232 331** или e-mail: elemprodazba@elem.com.mk најдоцна пред доставувањето на барањето за купопродажба.

Во прилог на Пријавата, Економскиот оператор е должен да достави доказ за уплатен надомест за административни трошоци во износ од 500,00 EUR во денарска противвредност по среден курс на НБРМ, во кој е вклучен ДДВ. Уплатените средства се неповратни и имаат важност од 1(една) година од денот на потпишување на Договорот.

Економскиот Оператор, кој нема да достави комплетна и правилно пополнета документација, нема да има право да учествува во процедурите за продажба на електрична енергија и моќност, објавени од страна на АД ЕЛЕМ Скопје, се додека не достави комплетна документација.

АД ЕЛЕМ Скопје ќе го потпише Договорот за купопродажба и ќе го испрати до Купувачот по факс или е-маил, со што Економскиот Оператор се стекнува со право на учество во постапката за продажба на електрична енергија и моќност.

Бараната документација во оригинал или во копија заверена од понудувачот со печат и со потпис на одговорното лице, со назнака "Верно на оригиналот" се доставува по пошта.

Доколку на одредени податоци доставени од страна на Економскиот Оператор, во текот на важноста на договорот, настанат статусни или други промени, потребно е Економскиот Оператор да го извести АД ЕЛЕМ Скопје веднаш за настанатата промена и да достави нови полноважни документи.

Економските оператори можат да се пријават во било кое време од годината, со доставување на назначената документација.

АД ЕЛЕМ Скопје има право да не дозволи понатамошно учество во процедурите за продажба на електрична енергија и моќност на Економските Оператори кои:

- Не ги почитуваат правилата и процедурите пропишани од страна на АД ЕЛЕМ Скопје, Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, Правилата за пазар на електрична енергија и ENTSO -E во претходниот период.
- Не ги исполнуваат условите за вршење на дејност.

**Член 6**

Економскиот оператор кој сака да учествува во постапката за продажба на вишоци на електрична енергија и моќност е должен да поднесе Барање (Образец3), кое е составен дел на овие Правила за продажба на вишоци. Претставникот кој ќе го потпише барањето мора да

достави Овластување. Со поднесувањето на Барањето подносителот потврдува дека е запознаен со сите обврски кои произлегуваат од неговото потпишување.

Во Барањето за учество во постапката за продажба на електрична енергија и моќност се содржани следните податоци:

- податоци за Економскиот оператор;
- точка на испорака;
- побарана електрична енергија и моќност по периоди како што е дефинирано во објавените количини за сите часови, денови, изразена во MW– цел број;
- единечна цена за побараните количини изразени во EUR/MWh со две децимали (доколку единечната цена биде изразена во три или повеќе децимали, истата ќе биде математички заокружена на две децимали).

Понудената цена се однесува на точка на прием во електроенергетскиот систем на Република Македонија, односно во неа не се вклучени трошоците за пренос, прекуграничен капацитет и ДДВ, ниту пак трошоците поврзани со Операторот на електропреносниот систем, Операторот на дистрибутивниот систем и Операторот на Пазарот на електрична енергија. Трошоците за пренос, прекуграничен капацитет и ДДВ, како и трошоците поврзани со Операторот на електропреносниот систем, Операторот на дистрибутивниот систем и Операторот на Пазарот на електрична енергија се на товар на Купувачот.

**Член 7**

На економските оператори, кои во постапката за продажба на вишоци на електрична енергија и моќност се избрани за најповолни понудувачи, АД ЕЛЕМ ќе им достави Писмо за конфирмација (Образец 4). Економските оператори се должни Писмото за конфирмација да го потпишат и заверат, и истото да го достават до АД ЕЛЕМ по факс или скенирано преку е-маил. Добиеното Писмо за конфирмација ќе биде потпишано од овластено лице од АД ЕЛЕМ и испратено до Економскиот оператор преку факс или е-маил. Писмото за конфирмација потпишано од двете страни ќе биде предмет за изготвување на фактури.

Во случај избраниот купувач да не го потпише Писмото за Конфирмација и/или не ги изврши обврските предвидени со Договорот и Писмото за конфирмација, во предвидениот рок, АД ЕЛЕМ Скопје нема да изврши испорака на електрична енергија и нема да му дозволи учество во постапките за продажба на вишоци на електрична енергија и моќност во рок од една година.

Продадените, а не превземени количини на електрична енергија поради недоставување на потпишано Писмо за конфирмација, АД ЕЛЕМ Скопје може да ги понуди на првиот следен Економски оператор кој не добил количини на електрична енергија, под исти комерцијални и технички услови од неговото Барање односно следната по ред највисока понудена цена на аукцијата.

**Член 8**

АД ЕЛЕМ има право да го откаже процесот за продажба на електрична енергија и моќност и по фазата на аукција, односно доставување на понудите, без да даде образложение за тоа. Во случај на откажување, АД ЕЛЕМ не е одговорен кон купувачите за било каква загуба, трошоци или штети (вклучително и без исклучок сите последични и/или индиректни штети, изгубена добивка, гудвил, деловни можности, антиципирани заштеди, трошоци за изработка на понуда, учество во процесот за доставување и евалуација на понуди).

**Член 9**

Купувачот на електрична енергија е должен да ги превземе договорените количини на електрична енергија во целост, освен во случај на Виша Сила.

Продавачот е должен во целост да ги испорача договорените количини, освен во случај на Виша Сила.

***ПРЕСМЕТКИ И ПЛАЌАЊА***

**Член 10**

Врз основа на потпишаното Писмо за конфирмација од член 7, Продавачот ќе направи пресметка и изготви фактура за електричната енергија.

Плаќањето на купените количини на електрична енергија, Купувачот ќе го изврши, согласно одредбите од Договорот за купопродажба, со банкарски трансфер во полза на Продавачот, на сметка и во банка наведени во фактурата.

Плаќањето ќе се врши авансно за периодот на испорака, дефинирани со Писмото за конфирмација. Продавачот е должен да му достави авансна фактура на Купувачот со самото потпишување на Писмото за Конфирмација за период на испорака, а Купувачот е должен најдоцна еден работен ден пред почетокот на периодот на испорака да изврши плаќање на доставената авансна фактура за периодот на испорака.

Соодветно за секој нареден период на испорака, Продавачот ќе му испорача авансна фактура на Купувачот, а Купувачот е должен најдоцна еден работен ден пред почетокот на соодветниот период истата да ја плати.

Продавачот нема да испорача електрична енергија ако Купувачот не изврши уплата по авансната фактура во предвидениот рок.

Авансната фактура ќе ја содржи вкупната вредност за договорената електрична енергија за соодветниот период, зголемена за износ на ДДВ.

Усогласувањето меѓу Купувачот и Продавачот ќе се изврши првиот работен ден по завршување на периодот на испорака на количината на електрична енергија договорена во Писмото за конфирмација.

Доколку периодот на испорака е месец/месеци или година, периодот на наплата ќе биде во сукцесивни периоди дефинирани во Писмото за конфирмација.

По извршената и усогласена испорака на количината на електрична енергија, дефинирана во Писмото за конфирмација, Продавачот ќе издаде и достави до Купувачот конечна фактура за целокупната количина на испорачана електрична енергија.

**АД ЕЛЕМ Скопје**